СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
4
Број 01-89680/2
Дата 18-03-2016

До
Синдикална организација на Македонски Телеком АД- Скопје
Претседател
Јордан Сандев

Синдикална организација, самостоен Македонски Телекомуникациски Синдикат
Претседател
Петре Велигденов

Копија до:
Претседател на Одборот на Директори на Македонски Телеком АД- Скопје
Панче Кралев

**Предмет:** Одговор на Вашето писмо во врска со Управувани услуги во Областа за техника во Македонски Телеком АД- Скопје (примено на 02.03.2016 со наш бр. 89680/1)

Почитувани Претседатели на Синдикалните организации,

Пред се би сакале да ви се заблагодариме за вашите напори и за поддршката што ни ја обезбедивте во текот на целиот процес на имплементација на оперативниот модел за Управувани услуги во Македонски Телеком АД -Скопје (МКТ/Компанија).
Понудите за вработените кои финално беа договорени меѓу нас се понуди коишто ќе обезбедат финансиска и егзистенцијална сигурност на двете групи на вработени: оние што ќе одлучат да заминат и оние што ќе одлучат да бидат префрлени кај новиот работодавач.
При креирањето на понудите како основа на која што ќе се темелат истите беа земени обезбедување на сигурна иднина на вработените и соодветна финансиска сигурност на нивните семејства.
Потврда за горенаведеното е фактот дека за вработените кои ќе бидат превземени од новиот работодавач, покрај вработувањето на неопределено време, ќе платиме и отпремнина во износ до 15.000 евра, што за некои од вработените претставува износ на 3 годишна плата, како и едногодишна гаранција за заштита од прогласување на технолошки вишок и други непарични гаранции.
Во однос на Програмата за 2013 година, за вработените кои ќе одлучат да ја напуштат Компанијата, треба да се земе предвид дека овој пат ние не спроведуваме Програма за доброволно заминување од Компанијата, туку процес на аутсорсинг. На вработените им нудиме работа, а не спроведуваме програма за оптимизација на бројот на вработени. Од таа причина, ќе биде несоодветно (дури и кога би имале можност за зголемување на буџетот, што не е случај), да имаме ист пакет сега кога вработените имаат можност да изберат вработување на неопределено време.
Освен тоа, во 2013 година веќе информиравме дека понудениот износ на финансискиот пакет се нуди за последен пат, бидејќи знаевме дека нема да имаме на располагање таков буџет во иднина.
Максималниот износ на сегашниот пакет за заминување е околу 22,200 евра.
Убедени сме дека веќе договорените услови се доказ дека Компанијата многу ги цени своите вработени и нивниот минат придонес и затоа достоинственото заминување ќе биде природен резултат од процесот.

Истовремено Ве известуваме дека како Извршни членови на Одборот на директори, согласно Одлуката за одобрување на спроведувањето на Оперативен модел за управни услуги донесена од страна на Одборот на Директори на Компанијата на 10.12.2015 година, овластени сме да во име на Друштвото ги превземаме сите активности и да ги потпишуваме сите документи пропишани со Закон и интерните регулативи.

Извршни членови на Одборот на директори

Главен Извршен Директор
Андреас Маиерхофер

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје

Главен оперативен директор
Жарко Луковски

Синдикална организација на
Македонски Телеком АД Скопје
СКОПЈЕ

| Примено: 18.03.2016 г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 61/1 | | |